Република Северна Македонија

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА
ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ
ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

Национална агенција за европски образовни програми и мобилност Скопје, Република Северна Македонија
Agjencia nacionale e programeve arsimore europiane dhe e lëvizshmërisë Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut

Дата Datë 30-10-2025

Бр.Nr. 01-492/1

Врз основа на член 19 од Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност („Службен весник на Република Македонија бр. 113/2007, 24/2011, 24/2013, 41/2014, 145/2015, 55/2016, 64/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 53/2024 и 235/24), в.д.директорот на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (Национална агенција) го донесе следното

# УПАТСТВО
# ЗА КРАЈНИТЕ КОРИСНИЦИ ЗА ПОЧИТУВАЊЕ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ГРАНТ – ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

## 1. ВОВЕД

Со ова Упатство се уредува начинот и постапката за обработката и заштитата на личните податоци во програмите Еразмус+ и Европскиот солидарен корпус согласно склучен договор за грант помеѓу корисниците и Националната агенција.

Корисниците на грант на програмите Еразмус+ и Европскиот солидарен корпус согласно Договорот за грант кој го склучуваат со Националната агенција имаат обврска да ги обработуваат податоците за учесниците во програмите Еразмус+ и Европскиот солидарен корпус

## 2. ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ

### 2.1 Обработка на податоците од страна на Националната агенција, давателот на грантот

Сите лични податоци во согласност со Договорот за грант ќе се обработуваат под одговорност на контролорот на податоците утврден во изјавата за приватност во согласност со важечкото законодавство за заштита на податоците, особено Регулативата 2018/1725 и поврзаните национални акти за заштита на податоците и за целите наведени во Изјавата за приватност достапна на https://ec.europa.eu/erasmus-esc-personal-data

Бул. Кузман Јосифовски Питу бр.17 - 1000 Скопје
Поштенски фах 796, Република Северна Македонија
Тел: 02 3 109 045, Факс: 02 3 109 043
www.na.org.mk - info@na.org.mk

Erasmus+

ЕВРОПСКИ СОЛИДАРЕН КОРПУС

- Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на РСМ" бр. 42/20 и бр. 294/21) и неговите подзаконски акти

2.2 Обработка на податоците од страна на корисниците

Корисниците имаат обврска да ги обработуваат личните податоци според Договорот за грант во согласност со важечкото право на ЕУ, како и меѓународното и национално право за заштита на податоците (особено Регулативата 2016/679 и Регулативата 2018/1725). Корисниците дејствуваат како обработувачи во оваа активност на обработка.

Тие мора да се осигураат дека личните податоци:

- се обработуваат законски, правично и на транспарентен начин во поглед на субјектите на податоците;
- се прибираат за конкретни, експлицитни и легитимни цели и не се обработуваат понатаму на начин што е несоодветен на тие цели;
- се соодветни, релевантни и ограничени на она што е неопходно во поглед на целите за кои се обработуваат;
- се точни и, каде што е потребно, ажурирани;
- се чуваат во форма што дозволува идентификација на субјектите на податоците не подолго отколку што е потребно за целите за кои се обработуваат податоците и
- се обработуваат на начин на кој се обезбедува соодветна безбедност на податоците.

Корисниците може да му дозволат на својот кадар/персонал пристап до личните податоци само доколку тоа е строго неопходно за спроведување, управување и следење на Договорот за грант. Корисниците мора да осигураат дека кадарот/персоналот е под обврска на доверливост.

Корисниците мора да ги информираат субјектите на податоците за обработката и да им ја обезбедат Изјавата за приватност што е достапна на https://ec.europa.eu/erasmus-esc-personal-data

## 3. ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИСПОЛНУВАЊЕТО НА ОБВРСКИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ

Во завршниот извештај корисниците ќе известат за воспоставените мерки за усогласеност на активностите за обработка на податоците со Регулативата 2018/1725, во согласност со обврските утврдени во Договорт за грант најмалку за следниве теми:

безбедност на обработката,
- доверливост на обработката,
- обезбедување помош на контролорот на податоци,
- задржување податоци, учество во ревизии, вклучително и инспекции и
- воспоставување евиденција на лични податоци за сите категории активности за обработка што се вршат во името на контролорот.

## 4. ИНФОРМИРАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ЗА ОБРАБОТКАТА НА НИВНИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Корисниците имаат обврска да им дадат на учесниците соодветна изјава за приватност за обработката на нивните лични податоци пред податоците да се шифрираат во електронските системи за управување со мобилностите на Еразмус+ .

Ова Упатство влегува во сила на денот на донесувањето и ќе се применува исклучиво за интерни потреби на Националната агенција.

в.д. директор,
м-р Ана Михајлов

Изготвиле:
Аида Пешовска-Ѓоргиевска и
м-р Катерина Стрезовска